Општина Шуто Оризари-Komuna Šuto Orizari-Komuna Shuto Orizari
Република Северна Македонија-Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut

Бр- No-Nr. _09_-496/1
04.11. 2026 год- berš-viti
СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP

Врз основа на член 50, став 1, точка 14 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ" 05/02 и „Сл.Весник на РСМ" бр. 202/24), и член 45, став 1, точка 12 од Статутот на општина Шуто Оризари („Сл.Гласник на општина Шуто Оризари" бр.1/97),член 6 од Законот за заштита на укажувачи („Сл.Весник на РМ" бр.196/15 и 35/18 и „Сл.Весник на РСМ" бр. 257/20) како и член 2 од Правилникот за заштитетно внатрешно пријавување во јавниот сектор, Градоначалникот на Општина Шуто Оризари, донесе:

ПРАВИЛНИК ЗА ВНАТРЕШНА ПРОЦЕДУРА ЗА УКАЖУВАЧИ ВО ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник подетално се уредува начинот на прием на пријави од укажувачи, начинот на проверка на наводите во пријавите, мерките за заштита на личните податоци и анонимноста на укажувачот, како и преземањето на активности по пријавите во рамките на општина Шуто Оризари.

Член 2

Заштитеното внатрешно пријавување во Општината го спроведува исклучиво Овластеното лице назначено со посебно Решение од страна на Градоначалникот. Овластеното лице е должно да постапува независно, стручно и целосно доверливо.

II. НАЧИН НА ПРИЕМ НА ПРИЈАВИТЕ

Член 3

Внатрешното пријавување може да биде во писмена форма (по пошта или преку наменско сандаче), во електронска форма (на посебна заштитена е-пошта) или усно на записник.

Член 4

Доколку укажувачот сака усно да изврши пријавување, Овластеното лице свикува состанок во посебна, затворена просторија. За усното пријавување се составува детален Записник кој го потпишуваат Овластеното лице и укажувачот. На укажувачот му се предава примерок од Записникот.

III. ПОСТАПКА НА ПРОВЕРКА И РОКОВИ

Член 5

Секоја пристигната пријава се евидентира во посебен Заштитен деловодник со кодирана шифра. Оригиналната документација која содржи идентитет на укажувачот се чува во посебен сеф или заклучен ормар до кој пристап има само Овластеното лице.

Член 6

Овластеното лице во рок од 15 дена од приемот на пријавата врши претходна проверка на наводите за незаконито или неетичко постапување. Заради утврдување на фактичката состојба, Овластеното лице може да побара информации и писмени објаснувања од раководителите на секторите во Општината, без притоа да го открие идентитетот на укажувачот или детали кои можат да го компромитираат.

Член 7

По завршување на проверката, Овластеното лице изготвува Извештај до Градоначалникот со предлог-мерки (поведување дисциплинска постапка, измена на внатрешни акти или препраќање до надлежното Обвинителство/МВР доколку се работи за кривично дело).

Член 8

Овластеното лице е должно да го извести укажувачот за преземените мерки и исходот од постапката во рок од несоодветно долг рок, односно најдоцна во рок од 60 дена од денот на поднесување на пријавата.

IV. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА УКАЖУВАЧОТ

Член 9

Против укажувачот не смее да се преземат какви било штетни дејствија или одмазднички мерки поради извршеното пријавување (прераспоредување на полошо работно место, намалување на плата, вознемирување на работно место или отказ). Секое такво дејствие се смета за тешка повреда на службената должност.

V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 10

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето и истиот ќе се објави на огласната табла на Општина Шуто Оризари и на официјалниот веб-портал.

Градоначалник на општина Шуто Оризари
Курто Дудуш

_____

ПРИОЛГ:

ОБРАЗЕЦ ЗА ВНАТРЕШНО ПРИЈАВУВАЊЕ ОД УКАЖУВАЧ ВО ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

Упатство: Овој образец се користи за пријавување на сомневање или сознание за прекршување на закон, корупција или друго незаконито или неетичко постапување во општина Шуто Оризари. Пријавата може да се поднесе писмено до Овластеното лице.

1. Лични податоци за укажувачот (Оставете празно доколку пријавувате АНОНИМНО)	
Име и презиме:	
Контакт телефон:	
Е-маил адреса:	
Работно место / Поврзаност со Општината:	
2. Податоци за пријавата	
Датум и време на настанот / периодот на извршување:	
Опис на незаконитото или коруптивното дејство (Детален опис на настанот, начинот на извршување):	
Лице/лица за кои постои сомневање дека го сториле дејството (Име, презиме, функција/работно место):	
Последици или штета предизвикана од ова дејство (доколку се познати):	
3. Докази и прилози	
Дали поседувате материјални докази? (Наведете ги или прикачете	

ги: документи, фотографии, е-пораки итн.):	
Дали има други лица кои можат да ги потврдат овие наводи? (Наведете ги нивните податоци):	
Дали претходно сте го пријавиле овој случај по друга основа?	

Датум на поднесување: _____ Потпис на укажувачот: _____

(останува празно ако е анонимно)